Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 113, 15 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество” од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника“ (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ” од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ..... 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ ..... 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 37

**ПРИГОВОР** ..... 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ..... 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**До Наставно-научен совет на Економски факултет**
**при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**

## ОДГОВОР НА ПРИГОВОР

Поднесен од м-р Владимир Гоновски на Извештајот на Рецензентската комисија за избор на асистент/соработник во научната област маркетинг на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, по Конкурсот распишан на 11.7.2013 година

М-р Владимир Гоновски, на 7.11.2013 година, архивски број 1707-343/1, поднесе Приговор на Извештајот на Рецензентската комисија во кој е констатирано дека тој, како кандидат кој се јавил на објавениот Конкурс, не ги исполнува условите за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, „Универзитетски гласник“ бр. 26, член 17.

Во Приговорот, кандидатот Гоновски наведува: „Од моја страна доставен е еден оригинал и три копии заверени на нотар“ од диплома за соодветно образование, како и: „Доставата на оригинален труд од меѓународна конференција не е возможен, затоа е доставен сертификат од едната конференција, додека за втората сè уште е во изработка, но може дополнително да се потврди. Третиот труд за кој во моментот имаше само прифатен апстракт, исто така, е објавен и за него може дополнително да се достави сертификат“.

Комисијата констатира дека според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, „Универзитетски гласник“ бр.26, член 17, децидно и недвосмислено се утврдува дека еден од условите за избор на асистент/соработник е кандидатот да достави диплома (1 оригинал и 3 копии заврени кај нотар) за завршено соодветно образование, а од документите кои беа приложени од кандидатот на увид на Комисијата јасно се гледа дека станува збор за доставено уверение, а не диплома за завршено образование. Притоа, Комисијата потенцира дека и областа на завршените постдипломски студии на Меѓународна економија и бизнис не соодветствува на потребите на Економскиот факултет, на кој имаше распишано Конкурс за избор на асистент од областа маркетинг.

Исто така, според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, „Универзитетски гласник“ бр.26, член 17, еден од условите за избор на асистент/соработник е кандидатот да достави по еден примерок од публикациите (зборник, конференција, списание) во оригинал, каде што е објавен трудот од соодветната област.

Комисијата оценува дека наведениот член од Правилникот не дава можност сертификатот да се смета како доказ за објавен труд, ниту пак трудовите кои се во фаза на објавување да се земат предвид како објавени трудови.

Од тие причини, Комисијата останува на констатацијата дадена во Извештајот дека кандидатот м-р Владимир Гоновски не ги исполнува условите од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, „Универзитетски гласник“ бр.26, член 17, поради што не може да биде избран за асистент/соработник во научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Имајќи го предвид наведеното, Рецензентската комисија го одбива поднесениот Приговор.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристе Темјановски, вонреден професор – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Митре Стојановски, вонреден професор – член, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска, редовен професор – член, с.р.**